# Тајната на скриеното богатство



*Водич за деца низ музејската поставка на Народната банка на Република Македонија*

Второ издание



*Copyright:* © 2016 Сите права на публикацијата ги има Народна банка на Република Македонија.

Ни еден дел од оваа публикација не може да биде препечатен или репродуциран на електронски, механички или друг начин без писмена дозвола од издавачот.

Народна банка на Република Македонија

# ТАЈНАТА НА СКРИЕНОТО БОГАТСТВО

*Водич за деца низ музејската поставка*
*на Народната банка на Република Македонија*

Второ издание

Скопје, 2016 година



И тоа утро, изгрејсонцето го најави будењето на денот. Но, тоа беше ден чијшто почеток само навидум беше ист како другите – ден по којшто веќе ништо не беше исто. Јана седеше на скалите пред дедовата куќа и со поглед ја освојуваше далечината. Замислена, за малку немаше да слушне кога дотрча нејзиниот помал брат Сергеј.

– Брзо доаѓај! Филип пропадна во дупка што се отвори на подот во подрумот! – задишан викна Сергеј и трчајќи се врати во подрумот.

Јана неволно стана и тргна по него, иако мислеше дека тоа е уште една глупава шега на Сергеј и неговиот другар Филип.



– Да го видам и тоа чудо! – рече таа, но одејќи кон подрумот, наеднаш се стресе... Слушна тивко плачење. Во полумрак ја здогледа дупката над која стоеше Сергеј.

– Филипе, дали си повреден? – викна Јана.

Од дупката, како низ ехо, се слушна: „Не, не сум...“. Тогаш, Јана го зеде јажето што висеше на ѕидот и го фрли во дупката.

– Ќе те извлечеме... Фати го јажето, држи го цврсто... – викна таа.

– Овде има некаква кутија. Ќе ја земам со мене. – промрмори Филип, фаќајќи се за јажето.

Влечејќи го со сета сила, Јана и Сергеј го извлекоа Филип. Извалкан, уплашен и со дрвено ковчеже во раката.



По успешната спасувачка акција, тројцата седнаа во дневната соба. Љубопитно гледаа во откритието на Филип. Јана го зеде ковчежето в раце и слушнаа – нешто тропкаше.

– Најдов богатство! – извика Филип, дури Јана го подигнуваше капакот. Во ковчежето имаше златни парички.

– Пари... Да купиме сладолед! – предложи Сергеј.

– Тебе паметот ти е само во јадење.  Да купиме играчки! – се побуни Филип.

– Глупости! – ги прекори Јана и ја крена веѓата. – Ако сакате сладолед и играчки земете си денари од вашите касички. Ова не се обични пари. Ова се монети што треба да бидат во музеј!



– Епа да ги однесеме во Зоолошката градина! Таму има музеј... – предложи Сергеј.

– Не може во тој музеј – објасни Јана – туку во музеј во кој се чуваат нумизматички предмети.

– Какви се, пак, тие предмети? – заинтересирано реагираше Филип.

– Тие се сите пари и сите оние предмети коишто имаат врска со парите. Преку нив се проучува историјата на парите. Тоа се вика нумизматика. – му одговори Јана.

– Па каде ќе најдеме музеј со такви предмети? – повторно се јави Сергеј.

– Хммм... – се замисли Јана. – Се сетив! Моника ми раскажуваше дека нејзината тетка е кустос во музејот на една голема банка. Таму сигурно се чуваат стари пари.

– Кустос?! Што е тоа? – праша Сергеј.

– Кустос е оној којшто се грижи за старите предмети во музеите – му одговори Јана и веднаш го зеде телефонот – ѝ се јави на Моника и ѝ кажа за откритието од подрумот. Се договорија: точно напладне ќе се чекаат пред влезот на банката во која се наоѓа музејот. Веднаш до кејот на реката Вардар, во близина на Железничката станица во Скопје...




Четворицата пристигнаа во исто време и на исто место – пред влезот на кој пишуваше: Народна банка на Република Македонија.

– На вистинското место сме. – потврди Моника и влегоа во банката. А веднаш потоа, пред нив се појави чуварот со строг израз на лицето.

– Чичко, ние имаме стари парички. Одиме во музејот, кај тетка Ана. – објасни Моника.

– Добро, одете по мене. – рече чуварот и на неговото лице се појави насмевка. Ги доведе до една голема дрвена врата. – Почекајте тука, сега ќе ја викнам вашата тетка Ана.



Ама Јана, Моника, Сегеј и Филип беа нестрпливи. Не чекаа многу... Штом видоа дека чуварот се сврте, ја отворија вратата и... влегоа. Беа вчудовидени. Како да се изгубиле и да влегле во некој друг свет. Многубројни светла на таванот фрлаа слаба светлина околу нив. Како на некоја театарска претстава... А главните актери – монетите, блескаа од витрините украсени со шарени слики. Дојде и тетка Ана – кустосот на музејот.

– Леле, какво изненадување! Добре дојдовте! – ги поздрави сите четворица и ја прегрна Моника. – Колку убаво што си ги донела другарчињата во музејов!

– Тето, Филип најде скриено богатство – многу парички, па дојдовме тука за да ни кажете какви се тие парички. – започна да објаснува Моника.

Кустосот Ана се зачуди:

– Вие најдовте богатство?! Па како?



Филип раскажа што се случило и ѝ го подаде дрвеното ковчеже. Кустосот го погледна, ја избриша правта од капакот и виде дека таму се наѕираат некои букви.

– За да можеме подобро да видиме за што се работи, паричкиве и ковчежето ќе мора добро да се исчистат. Затоа ќе ги однесам во нашата конзерваторска лабораторија. Дури ги конзервираат, јас ќе ви раскажам една приказна за парите. Подготвени сте? – ги запраша.

Сите четворица како едвај да дочекаа во еден глас да кажат „да“. Ама и Ана како едвај да го чекаше таквиот одговор. Веднаш штом се врати од конзерваторската лабораторија, се сврте кон првите витрини. – Одиме напред!



– **МНОГУ ОДАМНА НЕМАЛО ПАРИ.** Луѓето преживувале разменувајќи си храна, предмети, животни... Па така, ако еден човек имал уловена риба, а друг имал леб, тие можеле да се договорат и да си ги разменат за да ги нахранат своите семејства – започна Ана со нејзината приказна.



– **ПОТОА СЕ ПОЈАВИЛЕ И ПРВИТЕ ПАРИ.** Тоа се случило одамна, пред околу 2600 години, во едно старо кралство што се викало Лидија и се се наоѓало на бреговите на Егејското и Црното Море, онаму каде што денес е Турција. Околу сто години потоа, парите се појавиле и кај нас. Овде, меѓу другите племиња, живееле и Пајонците. Тие ковале сребрени монети. Еве, некои од тие монети се пред нас. – раскажуваше кустосот Ана и покажа кон првата витрина. – На овие монети има слики на различни животни. Дали можете да ги препознаете?

Откако ги погледнаа монетите, сите четворицата препознаа – имаше слики на бик, лав, волк и коњ.



– **АНТИЧКИ СУПЕРХЕРОИ БИЛЕ БОГОВИТЕ.** – продолжи Ана. – Се верувало дека тие наликувале на луѓето, но биле со посебни моќи и живееле вечно. Старите Македонци имале многу богови, а некои од нив ги претставиле и на монетите. Затоа, на првите македонски златни монети, искована од кралот Филип Македонски има слика на богот Аполон, а на сребрените монети, на главниот бог Ѕевс. Син на Ѕевс бил најпознатиот херој, Херакле, кој бил толку силен што можел со раце да убие лав.

– Ииииии, толку многу бил силен? Овде има монета со него, може да го видиме? – праша Филип, обземен од возбуда.

– Да, се верувало дека бил толку многу силен – се насмеа кустосот Ана. – Еве, пред нас имаме монети со ликот на Херакле, со кожа од лав на главата.

– И овие монети ги ковал Филип Македонски? – заинтересирано реагираше Моника.

– Не! Ковани се во времето кога владеел неговиот син Александар Велики, за кого исто така се раскажувало дека учествувал во лов на лавови. – ѝ одговори нејзината тетка Ана и продолжи кон следната витрина, не запирајќи со раскажувањето.



– На некои монети има **СЛИКИ НА ОРУЖЈЕ**, бидејќи Македонците сакале да покажат дека нивната војска е многу силна. Нивна гордост и заштитен знак бил штитот...

– Штитот?! Па зарем штитот е оружје? Со него не може да се нападне друга војска! – реагираше Јана.

– Штитот е оружје, ама за одбрана. – започна да објаснува Ана – И во тоа дамнешно време, војските имале и оружје за одбрана, а не само за напад. Еве, македонскиот штит можете да го видите тука, на монетите на Лихнид. Знаете кој град во Македонија порано се викал Лихнид? – праша и им покажа слика на град со езеро.

– Па тоа е Охрид – рече Филип – таму бевме на одмор.

– Токму така! – потврди кустосот – Лихнид, или Охрид, е еден од ретките градови кај нас, кои во минатото ковале пари. Покрај него, познати се само уште пет градови, што во различни времиња ковале пари.

– А кои се тие? – беше љубопитен Сергеј.

– Астибо, Пелагонија, Стоби, Скопје и Кратово, – му одговори Ана, подготвена за нови прашања.



– Хммм... **А КАКО БИЛЕ КОВАНИ ПАРИТЕ ВО МИНАТОТО?** – праша Моника.

– Секоја кована паричка го започнува својот пат како едно обично крукче од метал. Тоа крукче се става меѓу два цврсти калапа. Тие го притискаат и создаваат слики на двете страни. Тогаш, тоа крукче постанува паричка. Многу често, царевите одлучувале какви слики ќе има на парите. Најважно им било какви слики ќе има на златните, затоа што тие биле највредни.

– А какви други парички постоеле? – не запираше љубопитството на Сергеј.

– Биле ковани монети и од мешавина на злато и сребро, монети од сребро, од бронза, од бакар...

– А зошто металните пари се викаат монети? – со уште едно прашање се јави Филип.

– Дојдете по мене. – ги поведе кустосот Ана и покажа со раката кон една витрина. – Еве, тука е одговорот! Прочитајте што пишува на оваа паричка.

Децата погледнаа и во еден глас прочитаа: МОНЕТА.




– **ЗБОРОТ „МОНЕТА“ ЗНАЧИ ПРЕДУПРЕДУВАЧКА,** а е поврзан со името на римската божица Јунона Монета – раскажуваше Ана. – Кај нејзиниот храм во Рим започнало ковањето на римските метални пари, по што тие го добиле името монети. Како минувало времето, така различни монети добиле различни имиња. Златните римски монети се викале ауреуси и солиди, сребрените биле денари, антонинијани и силикви, а имало и многу различни имиња за бронзените пари.

– Денари?! – се зачуди Јана. – Исто како нашите пари.

– Да, – рече кустосот – името на македонските пари потекнува од името на римските сребрени денари.



– **МОНЕТИТЕ ПРЕНЕСУВАЛЕ ПОРАКИ** – продолжи кустосот Ана – исто како денешните телевизори, компјутери и мобилни телефони...

– Исто?! Како исто? – негодуваше Моника.

– Па... И монетите, со слики и букви информираат за различни случувања. Еве, во оваа витрина гледате две сребрени монети наречени антонинијани. На едната има слон, а на другата нилски коњ. – им покажа Ана и продолжи. – Овие монети настанале кога градот Рим славел роденден – 1000 години од своето постоење. По тој повод, царот организирал раскошни претстави и игри со различни диви животни.

– Затоа на овие две монети има слон и нилски коњ? – потпраша Филип.

– Браво! Токму така. – му одговори кустосот Ана. – Пораката дека царот приредил најубав роденден на градот, со монетите била пренесена во сите краишта на царството.



– **КАКО СТИГАЛЕ ПАРИТЕ ДО ЛУЃЕТО?** – праша Сергеј.

– Исто како денес, и во минатото луѓето добивале плата за тоа што го работеле. – започна кустосот Ана. – Најчесто, луѓето работеле како земјоделци, пекари, шнајдери, продавачи или трговци. Поголеми плати имале докторите, адвокатите, писателите и учителите. Добро заработувале и војниците, особено главните офицери.

Јана, Моника, Филип и Сергеј внимателно слушаа, ама не можеа а да не погледнат што има и во другите витрини. Погледите им запреа кај оние во коишто имаше купчиња со пари.

– А зошто онаму монетите се во онолкави купчиња? – не издржа да не праша Јана и покажувајќи кон витрините го прекина раскажувањето на кустосот.



– Е тоа се **ЗАШТЕДЕНИ И СОКРИЕНИ ПАРИ.** – започна да објаснува кустосот Ана.

– Заштедени пари?! Исто како оние коишто тато и мама ги чуваат во банка? – праша Сергеј со ширум отворени очи.

– Да, баш така, ама многу одамна кога немало банки, парите биле собирани во глинени садови или во торбички од кожа и од платно. А ако имало некоја опасност, луѓето ги криеле и во земја...



Ана сакаше уште да раскажува, ама во тој миг, вратата наеднаш се отвори. Се појавија двајца високи чичковци со бели мантили.

– Аааа, доктори... – со страв во гласот изусти Јана.

– Не, ова не се доктори, туку конзерватори. – се вмеша кустосот Ана. – Болести не ги напаѓаат само луѓето, туку и монетите. Докторите го штитат здравјето на луѓето, а конзерваторите го штитат здравјето на предметите во музеите. Нашите конзерватори Андреј и Никола се погрижија вашето ковчеже и вашите парички повторно да бидат онакви какви што биле некогаш. Ги исчистија и ги заштитија од болести.

– Ковчежето и паричките се конзервирани... – започна Никола, а уште не беше ја завршил реченицата, четворицата љубопитници дотрчаа до него.

– Тајната е откриена! – викна Сергеј.

– Какви се тие парички? – праша Моника.

– Што пишува на ковчежето? – не издржа и праша Филип.

– На кого му припаѓале парите? – нестрпливо дофрли Јана.

– Полека, полека, еве вака... – започна Андреј. Го заврте капакот на ковчежето – Прочитајте што пишува!




– Ова се пари што некој родител ги собирал за својата ќерка. Најголемиот дел од паричките биле исковани меѓу 1770 и 1790 година.

– Едната година е иста со таа од капакот на ковчежето. – забележа Моника.

– Да, но интерсно е тоа што меѓу паричките има и неколку што биле исковани по таа година. – додаде конзерваторот Андреј.

– Па како е возможно тоа? – се зачуди Филип.

– И ние не можеме да знаеме сè... – се вмеша Никола. – Не знаеме како поновите парички завршиле внатре по затворањето на ковчежето. Не знаеме дали родителот ѝ го дал ковчежето на ќерката... Ниту пак што направила ќерката ако го добила ковчежето.

– Можеби Ана го знае тоа... – продолжи Андреј.

Се чинеше дека кустосот ќе одговори, но наеднаш, таа одмавна со главата.

– Подобро е да се обидат сето тоа да го дознаат сами. – им рече на конзерваторите, земајќи го ковчежето од рацете на Андреј. – Еве, сега земете го вашето богатство, одете дома, размислете и ако сакате, повторно дојдете. Тогаш заедно, до крај ќе ја одгатнеме тајната на вашето скриено богатство. – им рече на четворицата љубопитници и им го даде ковчежето.



Јана, Моника, Филип и Сергеј го зедоа ковчежето и си заминаа среќни. Толку среќни, што не ни забележаа дека сонцето веќе почнало да заоѓа. Заминаа, а знаеја дека еден ден повторно ќе дојдат. Додека се оддалечуваа од банката, ја слушнаа кустосот Ана како им довикнува:

– Постапувајте мудро!

**ТАЈНАТА НА СКРИЕНОТО БОГАТСТВО**

**Водич за деца низ музејската поставка**
**на Народната банка на Република Македонија**

**Второ издание**

**Издавач:** Народна банка на Република Македонија
бул. „Кузман Јосифовски – Питу“ бр. 1, 1000 Скопје

**За издавачот:** Димитар Богов, гувернер на НБРМ

**Уредник на публикацијата:** Катерина Христовска

**Автори на текст:** Маја Хаџи-Манева и Иван Антоновски

**Лектура:** Патриција Маљковиќ Петровска

**Илустрации:** Маријана Петкова

**Графичка обработка:** Маријана Петкова и Даница Димовска

**Година на издавање:** 2016

**Печати:** Винсент Графика, Скопје
ул. „Благоја Стефковски“ бр. 16, 1000 Скопје

**Тираж:** 2600



Народна банка на Република Македонија



ISBN